# Неодминлив детаљ во биографијата

## Кино

На масата во дневната соба лежи зелен тркалезен предмет. Направен е од гума, а во него има влажен сунѓер, на кој во неправилни временски растојанија се спуштаат прсти, кои потем ги грабаат хартиите од масата, го листаат блокот со формулари, нешто бараат меѓу стотиците меници. Време е за изработка на завршните сметки, и јас го демнам мигот откако прстите ќе се спуштат на предметот од гума, да се навлажнат од сунѓерот, па го зграпчувам, тој безимен предмет, можеби навлажнувач, кој не е лесно ни да се опише, го принесувам до носот и длабоко го вдишувам неговиот гумен мирис. Мирисот е гаден и привлечен. Од него ме полазуваат трпки, уживам во неговата гадност. Веднаш потоа го враќам предметот на истото место, прстите да го пронајдат кога ќе останат суви, за очилата, кои со секое движење се спуштаат низ носот, да не се насочат кон мене, да не грмне гласот што ме предупредува што правам. И така минува времето, тече саботата, февруари е, ама термоакумулациската печка е изгасната, надвор како да е мај, цутник како да е, пупат жалните гранки на гламносаните овошки по маалските бавчи и авлии, завиваат и лелекаат мачките врз маките од сопствениот пол, а луѓето се сè понервозни поради изостанувањето на зимата. Дванаесет години имам. Имам отечени лимфни жлезди, ама вешто ги кријам. Верувам дека сум смртно болен, и затоа ништо не можам да читам. Секоја книга е предебела, на ниедна

нема да ѝ стасам до крајот, со оглед на оваа моја состојба. Единственото нешто во кое вистински уживам е да го ловам мигот во кој трите прста, показалецот, средниот и домалиот, ќе се спуштат на навлажнувачот, па веднаш да го зграпчам и длабоко да го вдишам неговиот гумен мирис.

Прстите угоре ги туркаат очилата, кои само што не слетале преку врвот од носот, а потоа раката останува во воздухот, па ги симнува очилата:

– Вељко не се јави, сакаш ли со мене в кино?

Вељко е дечко ѝ, младич, љубовник – не знам кој од овие зборови е соодветен, една од две-трите големи љубови на нејзиниот живот. Со години веќе плови на брод, ги посетува светските пристаништа, ѝ праќа разгледници со кратки, формални поздрави. Без изјави на љубов, соодветни за разгледниците што осамените поморци им ги испраќаат на своите љубови. Оженет е, има две деца, ама на брод е и отиден, мисли таа, за да не биде со жената што не ја љуби, туку за вака нејзе, која ја сака, да ѝ праќа разгледници. Ама не го пишува тоа, мисли таа, зашто разгледниците сите ги читаат.

Од некое италијанско пристаниште пишуваше дека е во Сплит последните денови од јануари, а дека накај Сараево, ако нема големи снегови, ќе тргне втората сабота од февруари. Тогаш во Кино Дубровник веќе ќе игра филмот за кој зборува целиот свет. Тој го пропуштил во Хонгконг, само за да го гледа со неа. Затоа нека купи влезници за кино, а тој ќе ѝ телефонира утрината, втората сабота од февруари, пред да тргне од Сплит за Сараево.

Купи карти, ама тој не ѝ се јави. Го чекаше до пет попладне. И којзнае што сè ѝ минуваше низ мислите. Јас за тоа никогаш ништо не знаев. А не можев да ја прашам. Морав самиот да измислувам што мисли таа. Тогаш, измислувајќи, наместо за неа ќе пишував за себе.

И така на крајот се откажа. Можеби сѐ уште се надеваше додека со показалецот ги креваше очилата кон коренот од носот, ама потоа, со раката, која остана во воздухот, се премисли:

– Сакаш со мене в кино?

Со глас како пред кавга. Кажам ли дека нејќам, ни таа нема да отиде, туку до доцна навечер ќе работи на завршната сметка, а потоа ќе заспие тука, покриена преку глава, до масата со хартии. Ќе биде лута и повредена и утре ќе ја боли главата. Би сакал да ѝ се одмаздам и да ѝ речам дека нејќам со неа в кино, ама сепак не го велам тоа. Ме интересира филмот. Којзнае каква ќе ми биде состојбата до следниот викенд, кога би можел самиот да одам в кино.

– А Вељко?

– Ништо Вељко. Не се јави.

Тоа прашање беше ситна одмазда. Нокт што зачепкува по жива љубовна рана, па се повлекува.

Слегувавме низ Сепетаревац, нога за нога, како да паѓаме низ падина на која не важат правилата на гравитацијата. Ги ширев рацете и го прегрнував влажниот пролетен воздух. Темнината ја прегрнував, која во овој час и во оваа доба од годината е длабока како ноќ, и јасно, како ретко кога пред тоа, ја чувствував леснотијата на сеопштото постоење и пропаѓање. Моите чекори се гуливеровски, се фрлам низ стрмнината, од едната и од другата страна се провруваат прозорците од комшилакот, добро познатите лустери, осамените голи светилки во домовите на несреќата, троседите прекриени со карирани ќебиња, ѕидовите со ѕидни килими на кои го има црниот камен од Мека, граѓанските лустери од ковано железо, шарените тапети, осветлените колевки, лицата на старците осветлени како на светите сликички, вознемирена средовечна жена што во тој миг пие лек, нечиј татко ја отвора вратничката на регалот над вклучениот

телевизор, трае натпреварот во кој некој некого победува, ама на крајот нашите се секогаш поразени; и сето тоа, и многу повеќе од тоа, се прикажуваше пред моите очи, кога ќе погледнам лево, кога ќе погледнам десно, додека се пред мене, и под мене, кога гледам право и одам право, се отвора градот, како што се отвора свеста на штотуку разбудениот, на оној што уште не стигнал да помисли на ниту една неволја. Потем, во од, во бег пред замислената смрт, ги пипкам отечените жлезди на вратот, ги завлекувам дланките под пазуви, ги барам отечените лимфни јазли, уживам преплашен во тоа ненадејно скусено време. Небаре веќе ништо нема да има по филмот што одиме да го гледаме.

– Што ти е, што правиш?

– Ништо! – велам и ја вовлекувам главата меѓу рамениците.

Во градот сме, пред драгсторот во Титова улица, и пак сѐ станува рамно. На светот му се враќа отпорот и на секое нешто му се враќа тежината на неговиот пад. Таа во драгсторот купува цигари, milde sorte, јас зад неа чекорам, уживам во неонот од фрижидерот и ледените сандачиња, во долгите и студени модрикави цевки, во кои е вечно ветувањето за живот по смртта. Наоколу по дуќанот зујат како најава за пролетта разбудените муви. Ги меркаат парчињата месо слабо спакувано во проѕирна фолија и стиропорни чиничиња, ама не се залетуваат во мразот и студот. Веруваат, кутрите, дека на оваа страна е вечно лето. Им се потсмевам на мувите, ги жалам, не сомневајќи се ни малку дека сум попаметен од нив.

Пред киното има турканица. Мириси на питралон и тешки женски парфеми, предвоени господа во сиви костуми и со шешири, госпоѓите нешто бараат по торбичките, таа некого поздравува, јас ги гледам луѓето зад дебелото тешко стакло, кои веќе влегле внатре, забавувајќи се, разговарајќи, додека пред нас сѐ уште има долг

пат, пред нас има неуреден ред, толпа што се турка кон влезот, кон двајцата крупни младичи, летни пливачи и скокачи од високата карпа во Заострог и Трпањ, тие ги контролираат влезниците, и ќе треба време додека да ги поминеме, а годината е 1978 или 1979, сабота е среде февруари, и времето сѐ уште бавно минува. Кога ме гледа таа – нервозна, затоа што ѝ се пуши, а пушењето во киното е забрането, па веќе е опседната со таа забрана – го допирам вратот, ги завлекувам рацете во маицата, па под пазувите, трагам по нови лимфни јазли, по тие жлезди ѕвезди на мојата пропаст скорешна, па ги опипувам небаре со тоа пипкање нешто конечно ќе биде востановено и утврдено. Ова е пропаст, мислам, иако за таквата пропаст не знам ништо. На крајот од детството сум, таа голема доба на пропаѓање, и сѐ што сум доживеал, сѐ што ме пораснало, беше во знакот на пропаста и пропаѓањето. Пропаѓав растејќи. На училиште одев да пропаднам. Мојата фантазија се распрсна како наквасена картонска кутија од која испаднаа и низ Сепетаревац се тркалаат тркалезно-глуждави шипинки, па поради својата глуждавост потскокнуваат, тркалајќи се. Наскоро ќе ги нема. Таква е и мојата фантазија, пропадната од школувањето, од растот и спасувањето од сѐ и сешто. Само пораснатата распрсната фантазија не се плаши веќе од мракот. Јас веќе не се плашам од мракот, ама страв ми е од жлездите што бабрат и отекуваат, во кои се собира нешто.

– Што правиш, да не фати болви од мачорот?

– Тоа се мачкини болви. Не се фаќаат на луѓе.

– Што се чешаш, тогаш, шуга да не си фатил?

– Не се чешам.

– Што правиш, тогаш?

– Си ги греам рацете.

– Ладно ти е?

– Не ми е ладно, ама ете така ги греам.

Конечно влеговме. Се слуша ѕвоното. Воздухот е свеж. Работат невидливите големи вентилатори. Мирисаат тајните алпски цвеќиња. Влегуваме, нога за нога, со кратки чекорчиња, како старците со одалки, во киносалата. Ние сме на балконот. Балконот во Кино Дубровник е широк и простран. Тука се најдобрите места, најскапите карти. Ги купила најскапите карти, надевајќи се на Вељко. Првпат ми е малку жал за неа. Чувството на самотија, кога нема да ти стигне Вељко, е форма на страв од мракот за возрасни. Мислеше дека нема да биде сама и дека вечерва ќе биде на најдобрите места во киното, со него. Дека конечно ќе биде несама, во мракот без мрак, во киното.

Градот во кал. Тешка индустрија, Зеница, високи витки оџаци, ѕидани од печена цигла, совршено тркалезни, тесни цилиндри што се издигнуваат кон небото, од кои блика густ и црн чад од човештвото што напредува. Пријатели во карирани кошули. Излегувањата по работата во челичарницата, во железарницата, во погонот за производство на напредок. Кригли пиво, бетонирање со виски, долги разговори, ноќни излегувања, недовршени љубовни приказни...

И животот во прецизно синкопиран ритам, кој прави разлика помеѓу светот и рајот, помеѓу стварноста и филмот. Филмот е прецизно синкопирање на животот. Го чувствувам тоа, додека седиме во мракот на преполното Кино Дубровник, среде воздушната бура на моќните уреди за климатизација, набавени неодамна, како последен збор на електронската индустрија, погоните за производство на напредок. Но, со уредите не дошло упатството за употреба, или не знаат англиски, па не умеат да го прочитаат, или нешто ги тера, тие луѓе што владеат со киното, уредот постојано да го тераат на најјако, воздухот да се менува во налетите на силните елиси, пропелери, вентилатори, кои во еден замав придвижуваат воздух колку што собира во една година. А со

воздухот, ми се чини, го придвижуваат и времето. Времето во бучни часови, денови и години се тркала, носи сѐ пред себе, урива луѓе и градби, разнесува сеќавања, во книгите ги спушта како во гробови. Во книгите, во ученичките тетратки, бележници, споменари, роковници, дневници и календари, со датумите што се заокружени со фломастер, со пенкало што слабо пишува, со црвениот крај на двобојниот, бесконечен трговски молив; на опачината од сметката за струја и греење, на хартијата во која пекарот со години претходно, којзнае кога, подал леб, во бројот од телефон запишан на хартивчето – чиј е, нема име со бројот?, во хартивчиња искинати од весници и вметнати во недочитаните книги, во сето тоа време ги одложува сеќавањата, ги спушта како во мртовечки сандаци, како во гробови.

Тогаш ги напипувам жлездите на вратот. Таа ме удира по раката. Како гледа, темница е?

И потоа седнуваат покрај клавирот, пеат голема американска песна и од таа песна, со рез како со нож, се затекнуваат во Виетнам. Каде што пријателот се обидува пријателот да си го повика од лудилото, среде играњето руски рулет.

Тоа го памтам.

– Го гледаш ли ова? – велам, речиси гласно.

Некој човек ме предупредува да молчам додека сум в кино. Само тоа го чекал.

Потем потекува одјавната шпица, луѓето стануваат од своите места, од сите страни се палат светлата и ги осветлуваат животите што во изминатите два-три часа беа анестезирани. Беа на чекање, тие животи на кои сега паѓа светлината. Се трудам да не трагам по жлездите, кои во меѓувреме потекле. Одеднаш, под светлата на Кино Дубровник, ме составуваат, како механичка кукла, од повеќе делови направена, претходно зачнатите стравови. Филмот е готов, а сега животот.

Додека излегуваме, чекорче по чекорче, уште постари старци, сите освен мене се хипнотизирани, анестезирани од филмот. Филмот го надви мојот страв од жлездите. И кога и да го гледам повторно, а овој филм во следните четириесетина години ќе го гледам барем уште дваесет пати, ќе помислам, барем за миг, на своите лимфни јазли. И ќе ги допрам, можеби, со прстите на десната, па на левата рака, оние три што ми се на вратот атрофираа, така што никогаш не се повлекоа.

Ама тогаш, по излегувањето од киното, кога чекорите ни се продолжуваат, се зачу воздишка, од сите гради во ист миг, или во неколку мига, како во бранови проникнуваме надвор. Сѐ што е бело е во тој мрак, во таа темница, во таа страшна ноќ. Воздухот е остар како свила, небаре веќе столетие минало од нашето влегување во киното, и снег има барем метар. Продолжува да паѓа, а ние не видовме кога почна да паѓа. И не можевме да замислиме дека паѓа. Не е веќе спарно, ладно е, ама толку ладно што ти е добро во градите и во душата.

Се качуваме низ Големиот парк. Таа се смее.

– Што се смееш? – прашувам.

– Така, се смеам. Драго ми е.

Во следниот миг нејзината грутка ме погодува во главата, во тилот, не баш нежно, и низ вратот ми се стркалуваат студени купчиња снег. Се ежам и се вртам, што ти е?, ќе прашав, ама не прашувам, туку со дланките зграпчувам снег, одмазднички, додека таа вреска:

– Немој, немој! – како веќе да сум ја погодил, како веќе да сум ѝ тутнал полна дланка снег во вратот.

Таа ноќ последен пат се тепав со топки снег со мајка ми.